# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Деведесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 25 декември 2001 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 16,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја отворам 96-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Весна Јовановска и Валентина Божиновска ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, г-дин Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на РМ, претседателот на Државната изборна комисија и гувернерот на Народната банка на Република Македонија.

Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Ве молам да го провериме бројот на присутните пратеници во салата, бидејќи ќе треба да гласаме.

Молам, нека влезат пратениците во салата.

Повикајте го и министерот за финансии да дојде, бидејќи треба да даде образложение за итноста на предлогот што го дава.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (по гласањето).

Вкупно гласале 78 пратеници, од кои 76 за, еден воздржан и еден против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот за донесување на законот за задолжување на РМ со кредит кај Меѓународното здружение за развој на Договорот на кредитот за итна економска обнова, со Предлог ан закон е разгледан на 97-та седница на Собранието на РМ.

Владата на РМ предлава дневниот ред за оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за целите и задачите на монетарната политикс во 2002 година.

Предлогот го ставам на гласаше. - Ве молам да гласаме. (по гласањето).

Вкупно гласале 72 пратеници, од кои 70 за, воздржани нема и двајца против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Владата на РМ предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за девизната политика и Проекција на платниот биланс на РМ за 2002 година.

Предлогот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме. (по гласашето).

Вкупно гласале 69 пратеници, од кои 65 за, еден воздржано и тројца против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за основање на пратеничка група на Собранието на РМ за соработка со Парламентот на Народна Република Кина, Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на Комисиите на Собранието на РМ и Предлог на одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев".

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (по гласањето).

Вкупно гласале 71 пратеник, од кои 66 за, двајца водздржано и тројца против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Пратеникот Чедомир Кралевски предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со предлози на одлуки за огласување избор на судии на основни судови и избор на судии на Врховниот суд на РМ и избор на судии на апелационите судови во Скопје, Битола и Штип.

Предлозите на одлуките ви се поделени.

Предлогот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.(по гласањето).

Вкупно гласале 73 пратеници, од 60 за, воздржано 10 и тројца против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за изменување и дополнување на Законот за платниот промет.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основ-ната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор министерот за финансии Г. Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Со воведувањето на новиот платен систем постојано се укажува потреба одредени делови да бидат надоградени на овој платен систем, кој стапува на сила на 1 јануари следната година, така што доста итно е да се внесат одредени работи кои што се важни за нормално да функционира, а пред се околу системот на обезбедување на банкраски гаранции и тн.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме. ( по гласањето).

Вкупно гласале 66 пратеници, од кои 62 за, четири воздржано и никој не гласал против.

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот на Владата.

Со оглед на карактерот на прашањата што се предлага да се разгледаат на оваа седница, предлагам Предлогот на дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме. ( по гласањето).

Вкупно гласале 64 рпатеници, од кои 61 за, воздржано еден и против двајца.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Верификација на мандат на пратеници во Собранието на РМ;

2. Предлог на Буџет на РМ за 200 2 година;

3. Предлог за донесување на закон за извршување на Буџетот на РМ за 2002 година, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2002 година, со Предлог на закон;

5. Предлог на одлука за целите и задачите на монетарната политика за 2002 година;

6. Предлог на одлука за девизната политика и Проекција на платниот биланс на РМ за 2002 година;

7. Предлог на завршна сметка на Буџетот на РМ за 2000 година;

8. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за царинска тарифа со Перлог на закон;

9. Предлог на одлука за потврдување на Годишната сметка на Народната банка на РМ за 2000 година;

10. Предлог на одлука за потврдување на Финансискиот план на Народната банка на РМ за 2001 година;

11. Предлог за донесување на закон за супервизија на осигурување, со Предлог на закон;

12. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот на платниот промет;

13. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за данокот на добивка, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за дополнуваше на Законот за персонален данок на доход, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и забавните игри, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на Органите на државната управа со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавни набавки, со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за надворешно-трговско работење, со Предлог на закон;

19. Предлог на одлука за основање на пратеничка група на Собранието на РМ за соработка со Парламентот на Народна Република Кина;

20. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на РМ;

21. Предлог на одлука за изменување на Одлуакта за разрешување и именување на претседател на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев";

22. Предлог на одлука за огласување избор на судии на основни судови;

23. Предлог на одлука за огласување избор на судии на Врховниот суд на РМ;

24. Предлог на одлука за огласување избор на судии на апелационите судови Скопје, Битола и Штип.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (по гласањето).

Вкупно гласале 68 пратеници, од кои 64 за, воздржано 1, и против гласале 3 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Процедурално, има збор, г-дин Звонко Мирчевски.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, мојата процедурална забелешка се однесуваше околу редоследот на точките на дневниот ред. Сега одкако Собранието го изгласа вака дневниот ред, бесцелно е моето укажување околу процедурата. Еве на што се однесуваше.

Имено, Буџетот на Републиката е најважен економски документ за 2002 година и дека постапката за подготвување на буџетот, покрај политиките кои што треба да бидат јасно определени и квантифицирани и Проекцијата на приходите и расходите, покрај другото, се поаѓа од оства-рување на приходите и расходите од претходната година, а тоа е Годишната сметка на Буџетот од претходната година, значи од 2000-та година, и оства-рување на истите во 2001 година. Контрола врз предлогот на Буџетот за 2002 година Собранието може да изгласа врз основа на Извештајот за оства-рените приходи и расходи во 2001 година, кој министерот никако не сака да го достави во Собранието и Завршна сметка за 2000-та година.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За тие работи ќе дискутираме кога ќе дојде Буџетот.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Па, јас сакав да укажам при утврдувањето на дневниот ред, која е целта на инверзиајта на поставувањето на точките на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дневниот ред веќе е утврден.

Процедурално, има збор Г.Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и г-да пратеници, г. претседателе сакам само да ве потсетам дека вие баравте да не се одржуваат седници, кажавте јавно и во печатот и преку медиумите се изјаснивте, се додека безбедносната состојба во државата не се стабилизира и додека киднапираните лица не се ослободат.

Ние поднесовме барање за итна седница, вие не сакате да ја ставите таа точка. Јас сметам дека поитна седница од моменталната состојба во државата нема. Крајно време е да ја ставите точката, па затоа ве замолуваме, или ако не сакате денес, бидејќи денес веќе е доцна, за идната седница да ја поставите на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага Предлогот на одлуката за основање на пратеничка група на Собранието на РМ за соработка со Парламентот на Народна Република Кина, Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на РМ и Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев" да бидат разгледани пред другите точки на дневен ред, но после Верификацијата на мандатот.

Предлогот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме. (по гласаето).

Вкупно гласале 73 пратеници, од кои 64 за, 5 воздржано и 4 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеникот Чедомир Краљевски предлага предлозите на одлуките за огласување избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија, апелационите судови во Скопје, Битола и Штип и на основните судови да бидат разгледани пред другите точки од дневниот ред.

Предлогот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 70 пратеници, за гласале 48 пратеници, воздржано гласале 13 пратеници, против гласале 9 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот.

Има збор господинот Никола Груевски, министер за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседател, јас би замолил, во колку е можно, заради важноста неколку закони да бидат завршени до крајот на оваа година, доколку Парламентот се согласи да им се даде приоритет, тоа се: Законот за данок на финансиски трансакции, продолжување на рокот; Закон за девизно работење, Закон за државни службеници, исто така само продолжување на рок, Законот за платен промет и Законот за трансформација на ЗПП. Тоа се пет закони. Јас би го замолил овој Парламент, бидејќи е неизвесно дали во наредните денови ќе се соберат пратениците заради временските непогоди, а од друга страна доколку не поминат до Нова година, може да предизвикаат сериозни штети на буџетот и на економијата во земјата, би замолил ако може да се даде приоритет. Иако овие три закони се од две или три седници, меѓутоа јас сепак би замолил доколку е можно...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој закон е од оваа седница, бидејќи сега работиме на оваа седница?

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Од оваа седница е само за платен промет. Другите се сите од други седници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, предлагате Предлог-законот за платен промет да оди после овие што сега ги утврдивме во редоследот, а пред буџетот.

Предлогот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 69 ртténици. За гласале 57 пратеници, воздржано гласале 10 пратеници, против гласале 2 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Господинот Азис Положани веројатно бара збор за процедурална забелешка.

Има збор господинот Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, се обидував мојата процедурална забелешка да ја направам кога и беше местото, само видов дека нема расположение да се почитуваат зборовите на пратениците понекогаш. Па, еве му се заблагодарувам на претседателот што сепак ми даде збор.

Имено, се работи за една моја забелешка, процедурална, деловничка интервенција во врска со контекстот на Буџетот што е денеска ставен. Би сакал да побарам информација, да се надоврзе, зошто на граничните премини на Табановце се малтретираат луѓето и остануваат повеќе од 24 часа за да влезат во оваа држава. Тие се државјани на оваа држава, исти случувања се случуваат на Аеродромот во Охрид каде што без причина луѓето остануваат и чекаат на граница. Така што кога министерот и прет-седателот на Собранието ме повикаа тука да гласам за буџетот, а јас дојдов преку овој снег од Струга за да тоа го направам со цела моја одговорност, за да тие кои се денеска на граница, било да се полицајци, било да се граничари, било да се други службеници, да ги примаат платите редовно, јас мислам дека не е во ред, да истите тие луѓе за кои што јас денеска ќе гласам или утре, за тој буџет, за да тие ги примаат тие плати, да ги малтретираат луѓето од чии гласови сум јас избран тука во ова Собрание.

Мислам дека и ги молам тие кои се надлежни за оваа работа да отворат можност да изнајдат начини, премините на граница за нашите печалбари кои доаѓаат во Република Македонија барем на граница да бидат дочекани како што им доликува. Не со цвеќиња туку да им бидат отворени можностите да влегуваст слободно, без малтретирања. Затоа што да се чека 24 часа на снег, со деца, со жени, мислам дека е повеќе од непотребно. Јас немам морал да го гласам овој буџет, да тие луѓе кои се таму на таа граница, кои ги малтретираат овие луѓе. Мислам дека министерот ќе ме свати како што треба, да се изнајде начин на било кој граничен премин, нашите луѓе да влегуваат како што треба, тоа се наши граѓани, носат и пари тука, со вреќи го полнат овој ист буџет а јас треба да гласам буџет за кој што тие граничари и полицајци кои ги малтретираат луѓето таму да земат утре плата. Мислам дека мора да се најде начин овие работи да се најдат како што ни доликува, а не да ги малтретираме нашите граѓани таму. Јас сум претставник на тие граѓани, немам морал тоа да го направам ако тоа малтретирање се продолжува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи е ова барање за разгледување на дневен ред, а тоа прашање го расчистивме, дневниот ред е утврден, забелешката е само изнесена, да одиме на работа по точките од дневниот ред.

Минуваме на точката 1 - Верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Извештаите на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања Ви се поделени.

Отворам претрес по Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања и предлогот за верификација на мандатот на пратеникот Ќани Алиу.

Има збор претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања. Не е тука.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Го ставам на гласање Извештајот и Предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања за верификација на мандатот на пратеникот Ќани Алиу.

Ве молам да гласаме.

Гласаа вкупно 68 пратеници. За гласале 66 пратеници, воздржано гласал 1 пратеник, против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека Извештајот и Предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања се усвоени и дека со тоа е извршена верификација на пратеникот Ќани Алиу.

Отворам претрес по извештајот на Комисијата за деловнички ио мандатно-имунитетни прашања и Предлогот за верификација на мандат на пратеникот Жарко Јанковски.

Има збор претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања. Не е тука.

Дали некој друг бара збор? (не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Го ставам на гласање извештајот и предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања за верификација на мандатот на пратеникот Жарко Јанковски.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници. За гласале 68 пратеници, воздржано гласал 1 пратеник, против не гласал никој.

Констатирам дека извештајот и предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања се усвоени и дека со тоа е извршена верификација на мандатот на пратеникот Жарко Јанковски.

На господинот Алиу и господинот Јанковски, им го честитам мандатот и им посакувам успех во работата.

Минуваме на точката 19 - Предлог на одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка за соработка со Парламентот на Народна Република Кина.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам општ претрес. - Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пртеници, почитувани претставници на Владата, навистина, често гласам за одлуките на Комисијата, како помошно тело за избори и именувања при Собранието на Република Македонија и ги поддржувам нејзините одлуки бидејќи сметам дека најголем број на одлуките на помошните тела на Парламентот на РМ треба да ги поддржиме како Парламент и дека тоа е во ред. Сметам дека кај голем дел од одлуките се во ред.

Меѓутоа, не можам овој пат да не реагирам на ваква одлука на Комисијата, по одлуката за формирање пратеничка група на Парламентот за соработка со Народна Република Кина, бидејќи се работи за едно малку чувствително прашање.

Имено, овде, при изборот на пратеничката група, навистина воопшто не е почитуван принципот на паритет, ниту верувам ниту еден друг принцип, бидејќи во составот на таа пратеничка група што сега треба да соработува со Народна Република Кина се наоѓаат и неколку пратеници кои беа на едно историско патување со една друга Република Кина. Сега се во истата пратеничка група.

Навистина, составот на пратеничката група е од членови на таа Комисија, на Комисијата за избори и именувања при Парламентот на Република Македонија, а таа Комисија навистина треба да води сметка за тоа како ги составува различните пратенички групи за соработка со странство и другите именувања во Парламентот на Република Македонија. Навистина, не доликува на едно помошно тело при Парламентот на Република Македонија постојано во секоја пратеничка група и при секоја одлука за управен одбор и слично да поставува по неколку членови од самото тело, односно од самата група, од самото помошно тело, од самата Комисија за избори и именувања. (Дофрлање од место).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам тишина, немојте да дофрлате, дозволете пратеникот да се доискаже. Нема комуникација од место. Ве молам за тишина. Кој сака ќе побара збор, ќе дојде, па нека ги прочита ако сака. Сега збор има само пратеникот Стојменов и никој друг. Ве молам продолжете.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Навистина е дегутантно и невкусно луѓето кои максимално учествуваа во признавањето на Република Тајван и кои беа на историското патување таму да учествуваат и во оваа група за соработка со Народна Република Кина. Мислам дека претседателот на оваа Комисија и самата Комисија треба да ги почитуваат тие принципи.

Вториот принцип што треба да го почитуваат, принципот на паритет овде не е испочитуван. Се работи за 4 членови на ВМРО-ДПМНЕ, 2 членови на СДСМ, 1 од ДПА и 1 од Либералната партија. Незнам кој е тој паритет. Но, сигурно знам дека многу од нив беа едни од гласноговорниците за признавањето на Република Тајван.

Сметам дека авторитетот на Собранието на Република Македонија при претставувањето во странство не се гради на овој начин. Дека самата Комисија тргнува, при избор на пратеници во вакви групи од ситни, да речам профитерски интереси на самата група, ситни кадровски комбинаторики и во иднина сметам така не треба да се работи.

Ќе ја поддржам и оваа пратеничка група, бидејќи веќе помина на едно од помошните тела, бидејќи принципиелно реков дека ќе ги поддржат сите одлуки на помошните тела. Меѓутоа, навистина, самата Комисија за избори и именувања во Парламентот на РМ треба длабоко да се замисли и можеби треба веќе да достави информација до Парламентот за учеството на членови на Комисијата за избори и именувања во управни одбори, во комисии, парламентарни делегации за соработка со странство. Ова го надминува вкусот и го злоупотребува нашето

молчење над овие проблеми што се проткајуваат овие години. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес. Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Комисијата за прашањата на изборите и именувањата поднесе амандман на член 3 кој е составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлукатаѕ го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 54 пратеници. За гласале 41 пратеник, воздржано гласале 2 пратеници, против гласале 11 пратеници.

Молам, да се утврди точниот број на присутни пратеници во салата, да утврдиме дали гласањето важи.

(Се врши пребројување на присутните пратеници во салата).

Нема доволно пратеници. Молам, пратениците да влезат во салата.

Повикајте ги пратениците да влезат во салата да можеме да гласаме.

Ги молам пратениците да влезат во салата, треба да работиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**(продолжение)

Ве молам службите да го утврдат точниот број на присутните пратеници во салата.

Во салата се лрисутни 61 пратеник. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници, за гласале 46 пратеници, воздржано гласале 5 пратеници и против гласале 9 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентот на Народна Република Кина.

Минуваме на точката 20. - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес. - Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, за гласале 62 пратеници, 1 воздржан и двајца против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на точката 21. - Предлог на одлука за изменување на одлуката за разрешување и именување на претседател на одборот за доделување на наградата Гоце Делчев.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес. - Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклчувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, за гласале 57 пратаници, воздржано гласале 5 пратеници и еден пратеник гласал против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за изменување на одлуката за разрешување и именување на претседател на одборот за доделување на наградата Гоце Делчев.

Минуваме на точката 22

Предлог на одлука за огласување и избор на судии на основни судови.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам општ претрес. - Молам, кој бара збор.(Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратнеици, за гласале 52 пратеника воздржано 2 пратеници, против гласале 9 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

Минуваме на точка 23.

Предлог на одлука за огласување и избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отварам општ претрес. - Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратнеици, за гласале 52 пратнеиац, воздржано гласале 5 пратнеици и против гласал 1 пратнеик.

Ве молам утврдете го точниот број на присутни пратеници во салата.

Констатирам дека во салата се присутни 66 пратенииици.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување и избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија.

Минуваме на точката 24. - Предлог на одлука за огласување и избор на судии на апелационите судови во Скопје, Битола и Штип.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратнеици, за гласале 58 пратеници, воздржано гласале 4 пратеници и против гласале 2 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

Минуваме на точката 12. - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за платниот промет.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес. - Молам кој бара збор. (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на закон го ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратнеици, за гласале 63 пратнеици, воздржано гласал 1 пратеник, против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на законот за платниот промет.

Минуваме на точка 2.

Предлог на буџет на Република Македонија за 2002 година.

Предлогот на буџетот со буџетите на фондовите за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, за здравствено осигурување на Македонија, за магистрални и регионални патишта, за води и за животната средина и на Заводот за вработување на Република Македонија, кој согласно Законот за буџетите се составен дел на буџетот на РМ, како и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес во начело. - Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за финансии Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Дами и господа, почитувани пратнеици, Република Македонија по две успешни години во економијата со евидентни едукати признати и од меѓународните финансиски и други институции и економски експерти во 2001 година, влезе амбициозно со агресивен развоен концепт во макроекономската политика. Ова се темелеше на пренесените позитивни трендови и претпоставката дека во 2001 година, домашниот и надворешниот макроекономски амбиент ќе биде стабилен и ќе биде релаксиран. Меѓутоа, настаните што се случија на почетокот на годината што изминува, а во одделни форми сеуште се случуваат, имаа за последица битно влошување на овие претпоставки, а со тоа во голема мера се влоши и состојбата на Македонската економија. По подолго време сведоци сме на макроекономска рамка со негативни предзнаци скоро во сите сегменти како и со релативно висок буџетски дефицит. Од овие причини како што знаете макроекономската рамка заедно со мисијата на меѓународниот монетарен фонд беше на два пати во текот на 2001 година редефинирана.

Почитувани пратеници, од овие причини развојните документи за 2002 година, мегу кои и Буџетот на Република Македонија што Ви е денес понуден на разгледување и донесување се под силно влијание на ново настанатите влошени услови и состојби и одбраната на земјата и националната безбедност од оваа година. Оттука наместо поинтензивен развој во овие документи нагласен приоритет во целите и задачите мораше да се даде на одржувањето на тешко стекнатата макроекономска стабилност на државата во услови на терористички напади на земјата. Секако не се напуштени и соодветно се застапени и развојните компоненти кои инаку се и програмски определби на Владата. Владата на Република Македонија за 2002 година понуди буџет поагајќи

од актуелните состојби и проблеми и од потребата да се создадат услови и претпоставки за излез од кризните состојби и за отворање процес на нормализација на тековите на економијата. Во предложениот Буџет во услови на помал обем од тој во 2001 година, направени се темелни промени во структурата на приходната и особено на расходната страна. Ова со оглед дека нужно е потребно да се обезбедат зголемен број на средства за финансирање на потребите по повеќе основи и тоа одржување то на мирот, односно трошоците од безбедносен карактер, реализацијата на проектите од Телеком како и за финансирање на други поголеми зафати планирани за 2002 година како што се парламентарните избори, пописот итн.

Дами и господа, почитувани пратеници, при конципирањето на Буџетот на Република Македонија за 2002 година, појдено е од потребата со внимателна фискална и монетарна политика да се зацврсти макроекономската стабилност на државата која во услови на криза беше неопходно да се одржува со дополнителни и оперативни мерки на економската политика. Во тој контекст се планирани и основните цели на макроекономската политика на државата за 2002 година, одржување на контролирана и релативно ниска стапка на инфлација од околу 2,5%, стабилен девизен курс на денарот и пораст на бруто домашниот производ од околу 4%. Исто така, Владата на Република Македонија е цврсто определена и во отежнати услови да ги продолжи и зајакне реформските процеси како предуслов за прилагодување на економијата кон евроатлантските интеграции и интеграциони процеси и остварување на повисок економски раст. Претпоставките врз кои е димензиониран развојот до 2002 година се содржани во макроекономската политика за 2002 година што Ви е доставена како придружен документ на Буџетот. Во крајно лимитирачки услови и објективно наметнати потреби Буџетот на РМ, за 2002 година, по обем и структура е проектиран за остварување на следните глобални цели: задоволување на потребите на државата кои се во функција на одржување на мирот, но и на безбедноста и територијалниот интегритет, одржување на макроекономската стабилност на државата, навремено сервисирање на преземените домашни и надворешни обврски, подршка на реформските процеси, намалување на високиот буџетски дефицит од 2001 година, и негово сведување на 2,7% од бруто домашниот производ, обезбедување максимално можно прибирање на даночните приходи, ограничување на масата на исплата на платите кај неприватниот сектор и максимална рационализација на буџетските трошоци.

Во оваа прилика би сакал да нагласам дека и во влошени услови и ограничени можности со Буџетот за 2002 година, Владата на РМ, ќе го поддржува преструктуирањето на претпријатијата, зголемувањето на ефикасноста на државата, реформите на јавната администрација, намалувањето на сиромаштијата и социјалното згрижување на привремено раселените лица. При ова Владата доследно спроведувајќи го програмскиот пристап и утврдените приоритети од буџетските корисници ќе бара максимално можна рационалност, ефикасност и економичност во користењето на средствата. Со буџетот на РМ, за 2002 година предност ќе имаат следните индикативни приоритетни програми. Програмите поврзани со асоцијативното членство на РМ, во ЕУ, и во НАТО структурите, програмите поврзани со безбедносните потреби на државата, програмите поврзани со реконструкција и адаптација на субјектите од примарната здравствена заштита, основното и средното образование, правосудните органи, како и програмите поврзани со унапредување на земјоделското производство, вкоучувајќи го и земјишниот катастар. Во оваа прилика би сакал да истакнам дека во 2002 година за дел од добро оценети програми од земјоделството и другите дејности, образованиeто, културата, екологијата и социјалните програми ќе мора да се бараат дополнителни средства преку надворешно финансирање како што се билатералните помошти, странските инвестиции и слично. Заради остварување на вака дефинираните цели, задачи и приоритети, а имајќи ги во предвид вкупните планирани приходи и расходи особено дополнително настанатите трошоци по повеќе основи за 2002 година,е планиран дефицит во буџетот кој ќе изнесува 6 милијарди и 850 милиони денари, односно 2,7% од бруто домашниот производ.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:** (Продолжение)

Овој дефицит е предвидено да се финансира со средства од надворешно финансирање, приходи од приватизација и приходи од донации.

Почитувани пратеници поаѓајки од глобалните цели и задачи на макроекономската политика за 2002 година вкупните расходи на централниот Буџет и вонбуџетските фондови се проектирани во износ од 92,429 милиони денари, што претставува 36,8% од бруто доманиот производ. Во споредба со ребалансираниот Буџет за 2001 година претставува намалување за 4%. Доколку се исклучат трошоците поврзани со безбедносната криза, вкупните расходи би изнесувале 34,7% од бруто домашниот производ. Ако се има предвид дека 2001 година вкупните буџетски расходи без трошоците за кризата изнесуваа 34,4% јасна е долгорочната политика на Владата за намалување на учеството на јавните расходи во бруто домашниот производ.

Вкупните приходи на Буџетот на Република Македонија за 2002 година без фондовите се планирани во износ од 66 милијарди 310 милиони денари од кои близу

80% претставуваат изворни приходи. Во рамките на вкупните приходи даночните приходи во износ од 50 милијарди денари имаат доминантно учество со над 70% од вкупните приходи. Притоа во 2002 година ќе продолжи трендот на намалување на даночното оптоварување и тоа ќе изнесува 19,5% од оценетиот бруто домашен производ. Во рамките на даночните приходи најзначајни се ДДВ со учество во вкупните приходи од близу 27% и акцизите учествуваат со 16,5%.

Гледано по одделни видови проектираните приходи произлегуваат од персоналниот данок од доход во износ од 7 милијарди 384 милиони денари или 11,1% од вкупно оценетите приходи. Акцизите се од 10 милијарди 942 милиони денари или 16,5% во вкупно оценетите приходи. Данокот на добивка со 3 милијарди и 31 милион денари или 4,6% во вкупно оценетите приходи. Данокот на додадена вредност 17 милијарди 898 милиони денари или 27% во вкупно оценетите приходи. Данокот од финансиски трансакции во износ од 5 милијарди 224 милиони денари или 7,9% од вкупно оценетите приходи. Увозните давачки се очекуваат да се остварат во износ од 5 милијарди 321 милион денари или 8% од вкупно оценетите приходи.

При проектирањето на даночните приходи појдено е од очекуваните макроекономски движења односно од претпоставка дека во 2002 година ќе отпочне тренд на заживување на економијата со повисок интензитет во втората половина од годината.

Неданочните приходи во 2002 година се проектирани на 2 милијарди 827 милиони денари или помалку за 600 милиони денари од оценетите во 2001 година. Во 2002 година очекуваме помали приливи од тие во 2001 година на почетокот по основ на капиталните приходи, приходите од донации како и по основ на задолжување кај меѓународните развојни агенции.

Во крајно лимитирани можности кои произлегуваат од безбедносните потреби Владата е одлучна во 2002 година редовно да ги извршува доспеаните обврски од домашни и странски заеми, од обврзници, вклучувајки ги и обврските по основ на старото девизно штедење во износ од 2 милијарди 254 милиони денари од кои 1 милијарда 646 милиони денари главница и 608 милиони денари камата.

Потоа исплата на 8% на пензионерите во износ од 1 милијарда 146 милиони денари. Во вакви услови вкупните расходи на Буџетот на Република Македонија за 2002 година се проектирани на 66 милијарди 310 милиони денари односно 9 милијарди 532 милиони денари помалку од проекциите со Ребалансот за 2001 година.

Вкупните тековни трошоци во Буџетот односно трошоците за функционирање на институциите на државата се планирани на 51 милијарда и 97 милиони денари.

Трошоците за плати и надоместоци и во услови на одложена примена на Законот за државни службеници, проектирани се во обем од 17.688 милиони денари, или повеќе за 1.352 милиони денари, заради новите вработувања во АРМ и Министерството за внатрешни работи, што произлегуваат од усогласувањата со НАТО стандардите и имплементацијата на Рамковниот договор. Трошоците за бегалци се проектирани на 236 милиони денари, а трошоците за внатрешно раселените лица на 176 милиони денари.

Во 2002 година трошоците за функционирање на државната администрација, односно за плаќање поврзани со набавки на стоки и услуги се проектирани на 6,4 милјарди денари.

Почитувани пратеници, посебно би сакал да нагласам дека и покрај ограничените можности во Буџетот за 2002 година значајно место имаат средствата за социјални намени, односно трансферните средства за социјалните фондови и средствата за социјалните програми. Така, трансферите до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се проектирани во износ од 5.871 милиони денари, до Заводот за вработување 3.568 милиони денари, како и за социјални програми во износ од 3.246 милиони денари.

Определба на Владата е да се обезбеди финансирање на сите обврски кои произлегуваат од законски утврдените права. Средствата за вкупните трансфери се проектирани на 16.004 милиони денари, а за социјални програми се проектирани 3.247 милиони денари. Обезбедени се и средства за социјална поддршка на структурните реформи, во износ од 1.025 милиони денари, што јасно ги искажува определбите на Владата и во новонастанатите влошени услови да го продолжи реформскиот курс.

Кај капиталните трошоци проектирани се средства во висина од 8.790 милиони денари, со што е одржано нивото од 2001 година за оваа намена. При тоа, задржани се досегашните намени (стопански недоволно развиени краишта, земјоделство, патишта, пруга, водоводи и друго), а за 2002 година е предвидено да се насочат средства за реализација на проекти кои се финансираат од продажбата на "Телеком" во висина од 3,2 милијарди денари.

Свесни сме дека со ова е намалена развојната компонента на Буџетот, што инаку е определба на Владата, меѓутоа, тоа е нужна последица од новонастанатите состојби и потребата повеќе средства да се одвојат за фискални потреби.

Во 2002 година, иако значајно намалени (за 10.950 милиони денари, односно од 21,6% во 2001 година на 6,2% во 2002 година) трошоците за безбедноста со 4.100 милиони денари имаат значајно место во вкупните трошоци и се над вообичаеното ниво од годините пред кризата.

Нужноста од дополнително наметнатите трошоци уште повеќе ја потенцира

определбата за максимално штедење, рационализација и намалување на трошоците во другите позиции, од која се појде при конципирањето на овој Буџет. На ова упатуваат промените според функционалната класификација, каде учеството на расходите за општи јавни услуги е намалено за 2,7 процентни поени од нивното учество во 2000 година, за образование и услуги за 2,6 процентни поени од тоа во 2000 година, а трошоците за здравствени услуги и социјална заштита, заради нивниот карактер, го одржуваат учеството од 2000 година.

Почитувани пратеници, на крајот би сакал да нагласам дека со предложениот Буџет за 2002 година, иако условите се значајно влошени што нужно во голема мера ги зголемија фискалните трошоци, особено тие од безбедносен карактер, Владата не ги напушти основните макроекономски и фискални определби, за која цел е обезбедена целосна конзистентност со другите макроекономски политики, Исто така, би потенцирал дека предложен е буџет за штедење, при што во недостиг на средства, ниско приоритетните програми привремено ќе бидат одложени за сметка на високо приоритетните, а со реформите во јавната администрација во делот на елиминирање на несуштинските активности исто така ќе се обезбеди значајна заштеда.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ви благодарам. Дали некој друг бара збор?

Г-динот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани господа министри, почитувани колеги пратеници, се јавив во начелната расправа по Предлог Буџетот на Република Македонија со основна цел и задача да укажам на 3 комплексни групи на прашања што се врзани со Предлог буџетот за 2002 година и кој на еден или на друг начин можат да се сватат и како критички забелешки, меѓутоа и како сугестии како во иднина да ги подобруваме работите.

На самиот почеток сакам да ги потсетам господата пратеници дека меѓу економските прашања што се дискутираат на Собранието на Република Македонија проблематиката на Буџетот на Република Македонија има апсолутно најголемо значење, бидејќи токму преку Буџетот на РМ се врши прераспределба на огромен дел од расположливиот доход во вкупната економија, фактички учеството на Буџетот на РМ во бруто домашниот производ кога како варира меѓу 25, 26, 27%, а некогаш и повеќе што е навистина голема прераспределба на доходот поради фактот што се работи за огромна сума на пари кога ќе ги земете вкупните приходи и вкупните расходи не само по утврдени намени вкупно тие се 66 милијарди денари што искажано во противвредност во ДМ е повеќе од 2 милијарди ДМ односно 2,2 милијарди ДМ. Тоа е премногу голема сума на средства.

Второ, значењето на оваа проблематика, бидејќи преку фискалната политика Владата секогаш на еден или друг начин реализира многу значајни економски и социјални цели кои однапред ги поставува. Мислам дека токму поради значењето на ова прашање ние мораме далеку посериозно да пристапуваме кон целата проблематика.

Јас морам да искажам незадоволство од начинот на кој во Буџетот, во документот е дадено образложението кое морам да констатирам дека е премногу техничко, премногу сувопарно каде практично нема ниту една констатација од квалитативен аспект за тоа кои се реалните домети на фискалната политика на РМ во 2002 година. Тука треба детално и со динамика во повеќе години да се даде учеството на вкупните јавни расходи, Буџетот, фондовите, средствата врзани за локалната самоуправа и нејзино финансирање во бруто домашниот производ, но не само во тековната година, со години наназад треба поодделно да се искажуваат учеството на Буџетот во бруто домашниот производ, на фондовите и одделните фондови на локалната самоуправа со квалитативни аспекти на состојбите и слабостите, се разбира едноставно треба да се укаже на оние аспекти од фискалната политика што се битни за динамизирање на самиот бруто домашен производ, бидејки на крајот на краиштата она што Буџетот троши како финални добра и услуги во секоја национална економија чини компонента на агрегатната побарувачка и компонента на самиот бруто домашен производ. Го зголемува бруто домашниот производ на земјата.

Мислам дека денеска во оваа ситуација Министерството за финансии дури и кадровски е оспособено тоа да го прави, бидејќи има посебен сектор за макроекономска анализа, бидејќи уште во 1997 година почнавме да го формираме, таму има доста луѓе кои мислам дека можат тоа да го направат и едноставно треба да го направат. Дефинитивно, покрај секторот за макроекономска анализа во Буџетот имаме и сектор за истражување при Народната банка имаме официјална статистика каде навистина може да се направи квалитетна експликација на најбитниот документ што го носи Собранието. Би било фер спрема пратениците кои треба да кренат рака со мирна совест, бидејки се работи за 2,2 милијарди ДМ или 66 милијарди денари би било корекно и за самите даночни обврзници од кои ги прибираме овие средства.

Втора работа сакам да укажам на неколку битни сегменти што се врзани за приходната страна на Буџетот. Ако се погледа даночната структура и начинот на кој се прибираат средствата ќе се види нешто што претставува квалитативна разлика во однос на претходните години. Мислам прв пат по 1997 година ако гледаме колкави се изворните приходи по основни приходи на даноци прв пат дефакто имаме реално намалување на даночниот товар меѓутоа по основни даноци, а не на вкупниот даночен товар.

На пример кај персоналниот данок на доход имаме 7,4 милијарди денари планирани средства што претставува значајно намалување на даночниот товар затоа што претходно Владата и ова Собрание усвои промена на Законот за персонален данок од доход каде маргиналните даночни стапки кои порано беа 27% и 35% сега се намалени на 15 и 18%, што во основа е добро. Бидејки е олеснат товарот на граѓаните што се обврзници на персонален данок.

Кај акцизите исто така имаме поединечно реално намалување во оваа година на акцизните стапки особено решението со автомобилите, што исто така е добро, како тенденција. Ние фактички имаме намалување и кај царините, сега е нивното учество сведено на 5,3 милијарди денари, не сум сигурен до крај дали е добро одмерен овој прилив од 5,3 милијарди, бидејќи знаете една е ситуацијата во тековната година каде имавме воени активности каде увозот реално е намелен за 10-12%, може и повеќе, меѓутоа има и други моменти, претпоставувам од година се укинува царинската евиденција што изнесува 1 % и по таа основа се намалуваат приливите. Меѓутоа, и таму има намалување на приливите. Но, ако го гледате вкупниот даночен товар, тоа ми е поентата сега, ќе видите дека во доменот на изворните приходи, изворните даноци оние што се во редовната структура на даноци во РМ по таа логика и основа ние немаме намалување на даночниот товар односно даночното оптоварување на економијата и немаме битно намалување. 2000-та година зборувам во маса вкупните даноци беа некаде околу 51 милијарда денари. Оваа година имаме повеќе од 50 милијарди вкупни даноци. Меѓутоа, квалитативна разлика постои во силата на економијата меѓу 2000-та и тековната година. 2000-та година РМ ја заврши со реален пораст на ЏДП од 5 %, годинава најверојатно ќе имаме опаѓање на реалниот ЏДП можеби 4 % или нешто помалку.

Според тоа, не е иста моќта на економијата за плаќање на данок порано и сега. Како се случи фактички да имаме ист даночен товар кога по пооделни даночни стапки реално се намали даночниот товар затоа што Законот за финансиски трансакции од кој чекаме да прибереме 5,3 милијарди денари едноставно дерогира сите други напори што претходно се правеа.

Мене ми е многу јасно дека мораше да се најде нов извор во вакви услови, многу ми е јасно дека за тоа притискаше Меѓународниот монетарен фонд, дури лично и порано кажав кога го носевме тој Закон мислев дека е подобро да се оди на зафаќање со тој закон отколку да се зголемува општата стапка кај ДДВ, бидејќи тоа е данок на потрошувачка, па ќе ги погоди сите категории на населението и бидејќи е данок на потрошувачка и социјално регресивен, посебно ги погодува посиромашните слоеви на населението. Меѓутоа, лично мислам дека можеше да се оди на поголеми заштети на расходната страна и дека можевме овој данок да го профилираме на помал износ. Не требаше баш 5,3 милијарди денари, бидејки негативните ефекти од него исто така се добро познати во изминатиот период од 6 години затоа што претставуваа сериозно оптоварување на и така истоштените економски субјекти, а како што знаете имаат и негативно повратно дејство врз трошоците врзани со финансиските трансакции, па и врз каматните стапки и т.н. Мислам дека имаше простор и место да се оди на поголеми заштеди на расходната страна и на тој начин да се бараше од ММФ нешто да се промени кај тој Закон и да биде сумата што се зафаќа врз таа основа помала.

**ТАКИ ФИТИ:** (Продолжение)

Сега некој ќе каже ова го кажуваме, меѓутоа работата е завршена. Работата е завршена но годината што следи, ако успее Буџетот да направи заштеди може да се направат корекции во таа смисла. Не би имало проблеми со ММФ ако имате јасна позиција дека тие и тие заштеди ги направивме. Според тоа не мора да биде толкаво даночното оптоварување. Зошто ова го кажувам. Го кажувам затоа што зголемено или исто даночно порамнување во услови на рецесија, кога имавме, дефакто негативни стапки на економски раст, по дефиниција е контрапродуктивно. И не ја помага експанзијата на економијата. Не одам сега во детали како се можело да се конципира, да речеме фискалната политика бидејќи тука има многу модалитети. Тоа веројатно не е дискусија за самиот Парламент.

На страната на приходите, бидејќи прв пат годинава по нова методологија, во членот 1 од Предлог-Буџетот на Република Македонија е прикажан самиот Буџет, приходи, расходи дефицит при што се дадени и изворите на приходите зд финансирање на дефицитот, има една работа која во овој момент загрижува и за која Министерството за финансии мора да има, така да кажам, резервна стратегија. Станува збор за тоа дека оние приходи што се планираат за финансирање на дефицитот на РМ за оваа година кои, како што кажа министерот се проценува на 2,7% како учество на бруто домашниот производ, тие приходи со кои треба да го финансираме тој дефицит или дел од тие приходи се сосема неизвесни и несигурни. Тоа особено се однесува на донациите. Извесно е дека ќе има донаторска конференција, можеби на почетокот на следната година, меѓутоа буџетите

на земјите потенцијални донатори, членки на Европската Унија, како што е тоа правило се затворени веќе во ноември. Тие се затвараат меѓу 10 и 20 ноември, така што нема големи шанси тие средства да пристигнат во Република Македонија во текот на 2002 година. Значи, тоа би бил некаков реален приход на кој можеме да са надеваме односно да го очекуваме дури 2003 година, што создава проблеми во финансирањето на самиот буџетски дефицит, што е планиран за следната година. Така што тука треба да се види кои се можните солуции.

Зголемување на даночниот товар, доколку изостане донаторската конференција ќе има исклучиво негативни аспекти врз динамизирањето на стапката на економскиот раст, а гледате таа е предвидена до година со плус 4% и мислам дека тоа ќе биде опасна варијанта ако појдеме така. Јас пред малку кажав дека зголемување на даночната пресија е контрапродуктивно во однос на стапката на економскиот раст. Друго може да се прави за да се оди на експанзија. За да одите на експанзија можете да потрошите дел од оние средства, реални средства што ги имате, како што се средствата од Телеком и за кои веќе има проекти. Меѓутоа заради големиот дефицит тој нема да може да се покрие, барем не во оној износ за кој се профилирани донациите, реков тие се сосема неизвесни.

Третиот комплекс на прашања е врзан за расходната страна на Буџетот. Мислам дека и од објективни причини но и од бројни пропусти на нас рапидно ни се влошува структурата на расходните трошоци или на расходната страна на Буџетот, особено во делот на платите. Тука веќе Републиката е соочена со сериозни проблеми. Ако подобро ја погледнете стапката на плати, буџетски искажано таа изнесува 17,6 милијарди денари. Меѓутоа за плати се даваат вкупно 18,5 милијарди денари. Платите своевремено, до 1998 година, платите на јавната администрација беа околу 15 и нешто милијарди. Така што објективно имаме зголемување кај платите, во овој изминат временски период, од три милијарди, што, се разбира, не може да се објасни со некое индексирање, така да кажам, заради некаква стапка на инфлација, бидејќи во основа тие се замрзнати плати, нема покачување, а таква е политиката за платите на јавната администрација и оваа година.

Да ве потсетам, кога беше ребалансот на Буџетот имаше едно објаснување кое беше, да не речам, апсурдно, каде меѓу другото се велеше дека и покрај тоа што битно е намален бројот на вработените во јавната администрација, тогаш намаливме четири илјади, заради ниските плати на луѓето во јавната администрација, тоа немаше одраз врз вкупната маса на плати. Јас тогаш зборував, го критикував таквиот начин на елаборирање. Сега не постои тој начин на елаборирање, како објаснување. Објаснувањето сега оди по друга логика, каде што има реалност. Добар дел од зголемувањето е заради зголемување на платите и нови вработувања во министерствата кои беа клучни, заради воените акции, односно во МВР и Министерството за одбрана. Мегутоа, ако добро ги погледнете бројките ќе видите дека целиот пораст не може со тоа зголемување да се објасни. Тоа зголемување кај двете министерства е околу 900 милиони, а овде зголемувањето е прилично големо зголемување на вкупната маса на плати и мислам тоа воопшто не е добро. Фактички што се случува:

Ако планираните буџетски расходи за плати се 17,6 милијарди, министерствата и другите ресори, другите јавни институции финансираат дел од своите вработувања со некакви сопствени средства кои се профилирани на износ, како што може да се види од Буџетот, дури на 670 милиони денари. Значи, одделни ресори си вработуваат сами нови работници. Тоа не може ефикасно да биде контролирано од Министерството за финансии бидејќи плаќањето на платите на нововработени што одделни министри си го прават оди со некакви сопствени средства од министерствата. Тоа е сума од 670 милиони, како што е искажано во Буџетот, а не се тие баш распоредени, зборувам сега за средствата за самофинансирање кај МВР и Одбрана. Повеќе се кај други министерства. Ве молам, а кредитот што треба да го земеме од Европската Унија изнесува 630 милиони. Нема да ни стигне да го финансираме ваквото вработување кое сега се едно што оди од сопствени средства, во основа тоа се јавни средства кога се работи за ресорните министерства кои остваруваат приходи по една друга или треба основа и кои по правило би требало да бидат во Буџетот. Меѓутоа тоа многу тешко би можело да се направи. И порано се обидувавме, често пати укинувавме сметки, секогаш министерствата заради некаква автономија ќе си најдат и сопствени визори за финансирање, од кои, меѓу другото и си вработуваат.

Сега брзо директорот на Агенцијата господинот Двојаков го слушнав на телевизија, кажа дека вкупната бројка на јавната администрација во Македонија е 105 илјади. Вие знаете дека следната година министерот за финансии треба да се соочи во преговорите со Светската банка, со ММФ, каде еден од битните услови за аранжмани со нив е да продолжи реформата кај јавната администрација, каде на среден план треба да дојдеме до 45 илјади или 50 илјади вработени во јавната администрација. Се сомневам дека прилично е зголемен бројот на вработените во јавната администрација и тоа силно ја нарушува расходната страна на Буџетот на РМ. Мислам дека тоа е сериозен проблем бидејќи, ако утре ние не можеме да ги склучиме аранжманите со ММФ, последиците од тоа сите ние добро ги знаеме. Мислам дека може да се штеди и на други места, не само кај платите и не

само кај овие средства од самофинансирање. Сега гледам дека, ако ја гледате структурата на Буџетот од порано и сега ќе видите дека расте бројот на институции кои легнале на Буџетот и се финансираат од Буџетот. Некаде тоа е објективно потребно, некаде не треба. На пример депозитарот сега што се формира. Колку мене ми е познато тој е акционерско друштво. Веќе е формиран одбор и тн. Тој ќе има и сопствени извори. Ако не се лажам по еден долар треба секој акционер да плати.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Тоа е централен регистар.

**ТАКИ ФИТИ:**

Добро, централен регистар.

Меѓутоа, тие што се акционерски друштва, што бараат да се финансираат преку Буџетот. Тие треба да излезат надвор од Буџетот. Агенција за блокирани сметки провизија треба да наплаќа. Ќе си има извори за финансирање. Мислам дека тука се 130 милиони вкупно средства.

Сеедно што се поставуваат како нови институции. Мојата сугестија е, ако имаме можни извори за финансирање, а мислам дека има можни извори за финансирање, не треба тие да легнат на Буџетот, бидејќи таму имаат и нови вработувања, таму имате и други материјални трошоци и тн. Целта е, меѓу другото, со тек на време, на еден или на друг начин да го намалиме бројот на вработените во администрацијата, да добиеме порационална и поефикасна администрација. Тоа е една од клучните реформи што треба да ги превземеме. Можеби ќе слушнеме објаснување зошто е тоа така. Но мислам таму каде што имате формирање на институции по принцип на акционерски друштва, нема елементарна логика тие да примаат на еден или друг начин средства од Буџетот. Тие треба да се пуштат како релативно самостојни субјекти, а не како парадржавни институции, бидејќи и тоа претпоставува, меѓу другото реформата. Дел од институциите што би биле во рамките на Буџетот, со тек на време да ги пуштите да работат на некаква, горе долу рационална логика. Не мора секогаш да бидат на профитна логика, но да си обезбедуваат средства, да не бидат на товар на Буџетот и на тие вработени да не им даваме плата од Буџетот туку самите да си заработуваат. Инаку ако одиме по ваква логика, се умножува бројот на институциите, ние ќе дојдеме во една многу критична ситуација околу самата јавна администрација а мислам дека одамна е преминат тој праг на голема превработеност.

Да завршам со констатацијата дека ќе биде тешка следната година во секој поглед и мислам дека Буџетот на еден или на друг начин ќе мора да направи дополнителни напори, како што на едно место и во образложението е кажано и таа констатација сакам да ја поддржам. Секаде каде што ќе биде можно да се направат дополнителни заштеди. Ако тоа успееме да го направиме, најверојатно ќе има простор донекаде барем да се намали даночниот товар, да не повторувам, за кој реков дека е сразмерно поголем во услови кога стопанството заради објективните причини што ни се случија или ситуацијата што не снајде е економски и вонредно истоштено и во многу тешка ситуација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Јас на кратко би дал неколку одговори во врска со некои од коментарите на господинот Фити.

Она што беше кажано дека образложението е сувопарно, добро можеме да го примиме како забелешка во идните години било подобро споредено со годините 96, 97 и 98, јас ве уверувам дека е подобро направено, но секогаш може да биде и уште подобро, така што прифаќам една сугестија за следните години да имаме поголеми анализи.

Што се однесува во делот што спомнавте околу донациите, можам да кажам дека секогаш кога се прави Буџет се планираат некои донации. Да кажам, немало Буџет досега во РМ во кој не се очекувало некоја донација во текот на годината. Така и оваа година. И целокупната макроекономска програма што ја планиравме заедно со меѓународните финансиски институции се базира на одреден износ да добиеме и од донации. Нормално дека резервни сценарија има и доколку се случи так-во нешто да нема донаторска кснференција или воопшто да нема некоја донација, што е помалку веројатно отколку веројатно, во тој случај ќе се оди со нова проекција и веројатно ќе се излезе пред Парламентот со промени или со дискусија околу тоа што се случило и како се случи-ло и зошто сме дошле во таква ситуација и ќе се предложат нови чекори во тој правец и во Буџетот и во макроекономската, односно монетарната политика.

Околу делот за структурата на приходите, го спомнав и данокот на финансиски трансакции. Данокот на финансиски трансакции е многу помалку од вкупните зголемувања на трошоци за национална безбедност на земјата што ја очекува следната година. Значи во услови на мир, според проекцијата, само што имаме одвоено дополнителни средства за националната безбедност кои се околу 4,1 милијарда плус зголемените буџети на Министерството за одбрана и МВР. Значи имаме еден неизбежен момент кој во првите шест месеци најмалку ќе мораме да го финансираме. Тоа се резервисти, плати за нив, дневници, ноќни трудови и незнам се какви дополнителни давачки што им следуваат, опрема и тн. Никој во оваа држава не посакува тоа да се случува но тоа се случува така што јас целосно се согласувам дека тоа го стеснува просторот на приватниот сектор. Но има еден приоритет пред приватниот сектор. Тоа е

националната безбедност. Не можеме ние тука да калкулираме и да намалиме, а да ја ставиме во опасност националната безбедност.

Во делот на платите планирани се речиси над 2.300 вработувања во Министерството за одбрана, професионални војници, согласно програмата за влегување во НАТО, во МВР околу 1300, според Рамковната спогодба полицајци од кои поголем дел се од албанската националност и имаме еден дел од вработените од ЗПП, од Централниот регистар. Таму мислам се околу 250 вработени кои преоѓаат на Буџетот и Агенцијата за блокирани сметки која во наредните две години исто така ќе биде на Буџетот. Нормално доколку видиме дека Агенцијата за блокирани сметки има толку многу сопствени приходи, ние веднаш ќе реагираме и ќе и скратиме од нејзиниот буџет, така што ќе оставиме да ги користи средствата од нејзиниот буџет.

За другите институции, да спомнам, јас се уфрлив, можеби не требаше, во текот на вашата расправа, за централниот депозитар за хартии од вредност. Грешка е направено. Треба да стои централниот регистар. Веќе имаме опомена со амандман. Тоа ќе биде прифатено. Централниот регистар останува државен. Тој е државен во секоја држава. Не сме слушнале за централен регистар да е приватен. Значи се работи за грешка.

Во делот на националната платежна картичка имаме обезбедено средства за првите шест или седум месеци, додека не почне да работи и да генерира приходи. Како ќе работат тие таму 80 и повеќе луге, доколку во првите шест месеци додека се подготвуваат, да отидете таму сега се рушевини, се префрла, се работи и тн. Луѓето работат максимално за да се стартува некаде во април или во мај. Нормално оставаме простор од месец или два. Оној момент кога ќе се стартува веднаш ќе се активира одлуката за приватизација на банките и оваа институција ќе стане приватна. Ако останат средства, на пример ако било планирано за седум месеци, а во четвртиот месец се приватизира, тогаш тие ќе останат во Буџетот и ќе се пренаменат за нешто друго. Тоа е тоа. Јас не знам од каде вие идејата дека толку многу ќе има средства. Во Агенцијата се блокирани средства. Ако такво нешто се случи, тие се добредојдени и веднаш тука ќе се изврши интервенција да се заштеди. Сите напори што можеме да ги направиме да извршиме заштеди, ќе ги направиме, не само во овој дел, туку во целиот дел на Буџетот. Јас и во мојот говор тоа го истакнав дека се одеше на максимално правење на заштеди, но трошоците за национална безбедност ни влечат сериозна сума и тука не може што да се приговара. Јас не можам да им кажам на министерствата за внатрешни работи и одбрана дека не треба да има резервисти во наредните неколку месеци затоа што повеќе од очигледно е дека тоа е потребно. Тоа би бил мојот коментар. Се надевам дека сте задоволни од тоа што го спомнав.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господинот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Пратеничката група на ВМРО Вистинска бара пауза од еден час, за да го добиеме и разгледаме излагањето на господинот министер, Предлог - Буџетот за 2002 година. Ние не сме експерти па да можеме од ракав да истресеме. Сакаме сериозно да го разгледаме и да дадеме свој придонес.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Давам пауза од 45 минути.

(По паузата). (Седницата продолжи со работа во 19,15 часот.)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа. Продолжуваме со претрес во начело.

Дали некој бара збор? Господин Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници од Владата на Република Македонија, почитувани колеги пратеници, вообичаено било, а се надевам и овој пат ќе биде, кога станува збор за расправа во Парламентот по тема Буџет на Република Македонија да се обават опсежни расправи и да се извлечат сите релеванти факти кои што треба да го оправдаат носењето на Буџетот. Затоа, евидентно е дека само низ еден таков пат, а со оглед на тоа што станува збор за дирекно зафаќање на средства од граѓаните во Република Македонија, преку таквата расправа да им се каже на граѓаните како ќе се трошат нивните пари, кој ќе ги троши нивните пари, што е и најбитно во кој износ, тие ќе треба да се оптоварат за да се обезбедат пари за да се финансира функцијата на државата во наредната година. Токму заради тоа, токму заради обврската која што и јас ја имам пред граѓаните, се разбира од онаа позиција на која што сум во овој дом, ќе сакам да се произнесам околу некои елементи кои што можев да ги извлечам разгледувајќи го предлогот кој го имаме добиено како пратеници.

Пред тоа, сакам да констатирам или да коментирам дека одговорот на министерот Груевски спрема мојот колега Таки Фити околу добронамерните укажувања во врска со содржината на образложението беше најмалку кажано зајадлив. Наместо да објаснувам зошто јас констатирав дека е тој зајадлив, јас само ќе изнесам мој впечаток кој го стекнав читајќи го образложението по Буџетот за 2002 година и она образложение кое ни е дадено за Буџетот 2001 година, а посебно за Буџетот за

измените и дополнувањата на Буџетот на 2001 година. Се работи за исти текстови. Јас случајно ги носам двете образложенија. Тоа е за 2001, тоа е за 2002, она кое го прати сегашниов Буџет. Ако ги погледнете и едното и другото, скоро се исти. Тоа значи дека и за 2001 година преку буџетската потрошувачка во Република Македонија се планирало да се задоволат потребите на државата, кои се во функција на нејзината безбедност и територијален интегритет. И во образложението за 2001 година се предвидува да преку Буџетот од 2001 година се одржи воспоставената макроекономска стабилност изразена преку стабилен курс на денарот и ниски стапки на инфлација. Понатаму, борба против сиромаштијата и социјално згрижување на привремено раселените лица, социјално згрижување на привремено раселените лица, продолжување со реформите и тн. И во образложението од 2002 година се дадени истите есенцијални насоки кои што се планира преку Буџетот, или со партиципација на Буџетот на вкупните состојби да се обезбедат овие претходно цитирани цели, кои што ги цитирав.

Но, друго е прашање колку во 2001 година се остварени и очекување е дека она што се предвидело за 2002 година нема да се повтори сегашниот момент, туку јас сакам тоа да се оствари во оној момент кога ќе се дава отчет за реализираното во 2002 година. Тоа значи дека сакам во оваа држава да се остварат овие зацртани цели, кои што се вградени во образложението, но не на овој начин како што се остварија или не се остварија за 2001 година. Тоа само попатно кажав дека станува збор за копирање на еден, или за примена на еден воспоставен терк кој што е јајце на јајце ист, но не е важно како ќе изгледаат образложенијата, побитно е кон што се насочени тие образложенија. Тие се насочени кон буџетите. Основно, кога ќе се погледа еден буџет, треба да се види кој е износот на приходите и расходите во првиот момент кога ќе се погледа буџетот. Значи, колкава е буџетската потрошувачка во дадениот документ. Тука имаме една голема разлика која сакам да ја потенцирам и која што на свој начин треба да дочара концепт на водење на вкупна економска политика во една држава сегашен, во однос на претходниот, оној кој беше до 1998 година или заклучно со 1998 година.

Во 1998 година Буџетот на Република Македонија изнесуваше околу 42,5 милијарди денари. Тоа беше буџет кој ги задоволуваше сите потреби на државата во целост при остварен бруто домашен производ, еднаков на оној кој што се планира да се оствари во 2002 година. Додека во 1998 година државата ги намируваше потребите, или обезбедуваше средства за своите функции во износ од 42 милијарди 655 милиони денари, во 2002 година се планира за истите функции, со резерва која што ја давам во однос на она што беше споменато во врска со пензионерите, девизните заштеди и безбедносните сили, планира да се потрошат 66 милијарди. Тоа не е крајниот домен кој што го има постигнато во трошење оваа Влада. Многу подрастичен е параметарот кој што би го извлекле ако го споредиме трошењето на средства во 1998 година и трошењето на средства во 2001 година, во оваа тековна година. Разликата е 32,5 милијарди денари, малтене уште еден буџет. Оттаму, објаснувањето дека во 2001 година се трошат пари за пензионерите, за сервисирање на девизните заштеди и оправдано за безбедносните сили, недоволно е да се објасни дали беше потребно да се потрошат 75 милијарди денари во тековнава година, во однос на еден параметар кој го спомнав за 1998 година. Но, некој ценеше дека треба да се трошат. Тој ги потроши тие пари и квантифицирано, кумулативно до крајот на оваа година имаме еден тренд на пораст на потрошувачката, на буџетската потрошувачка во Република Македонија, кој што почнал од 1,3 милијарди марки, пораснал наредната година на 1,6 милијарди марки, пораснал наредната година 1,9 милијарди, за да порасне во тековнава година некаде над 2,5 милијарди марки. Кумулативно, тоа се 6 милијарди марки кои што се потрошиле во претходниве три години. Оттаму, јас единствено го сметам буџетот кој беше донесен во 1999 година и единствено за тој гласав. Тој беше Буџет кој што концепираше, кој што беше во духот на економската политика која што треба да се води, по мое согледување и по мое сфаќање во оваа држава. Од аспект на учество на буџетската потрошувачка во бруто домашниот производ и од аспект на компарирање на тој вид на потрошувачка, ако сакате со потрошувачката таква и иста во земјите во транзиција, кои се во транзиција, со кои што треба Република Македонија да се споредува. Оваа буџетска потрошувачка која што континуирано се реализира и која се планира со буџетот за 2002 година во такво темпо и да продолжи, не кореспондира со моето сфаќање за тоа дека овој буџет треба да биде реформски, овој буџет треба да биде развоен, овој буџет треба да биде социјален и овој буџет треба да биде во функција на стабилизирање на вкупната економија во Република Македонија.

Напротив, мислам дека и претходните буџети и овој буџет, од аспект на нивната висина и од аспект на неговата висина, се енормно зафаќање од граѓаните и од стопанството. Тоа е преголем товар и за граѓаните и за стопанството, за да се обезбеди една комоција во структурите на државата, која што пак не кореспондира со состојбата и на граѓаните и на стопанството. Тие корелации овде не можат да се извлечат, но едно е сигурно дека ваквиот приод кон вакво димензионирање

на буџетската потрошувачка доведе, во еден голем дел, до нарушување на ликвидноста во стопанството, затоа што во услови на вака големо трошење на средства, редистрибутивната функција на буџетот е еднаква на онаа од 1998 година. Логично би било, ако повеќе се трошат, да биде зголемена редистрибутивната функција на буџетот. И заради тоа, стопанството е за еден дел за кој што не се олеснало, а би се олеснало ако буџетската потрошувачка би била помала, или разумна е неликвидно, а граѓаните се посиромашни во однос на тоа што беа, ако сакате пред три години, ако сакате пред пет години, или ако сакате пред 10 години. Тоа е прашање на емпирика и тука можеме да извлечеме показатели да споредуваме и лесно ќе дојдеме до една констатација дека граѓанинот денеска и заради ова и заради ваквиот начин на трошење на средства во Република Македонија е посиромашен во однос на тоа што беше пред пет месеци, или во однос на тоа што беше пред година дена. Тоа недвојбено е факт и со тој факт треба да се соочи актуелната власт и да поработи да биде поинаку.

Јас ќе споменам само еден показател што може вие и го слушнавте пред месец дена, кој беше објавен во рамките на редовните сесии на ФАО. Македонија е земја во која што има регистрирано глад, или Македонија е Земја која што е трета од долу нагоре по однос на сиромаштијата. Тоа не било порано така. Тоа се официјални показатели кои што ги објавуваат Меѓународните организации. Тоа имавме прилика да го слушнеме и на нашите медиуми, а и да го видиме и во публикациите на ФАО.

Токму затоа, почитувани колеги, јас и при ребалансот, за да се ублажи една ваква политика, трошковна политика, или голо трошење на средства во Република Македонија, во таа прилика поднесов амандман да се брише еден дел од Буџетот, кој што се однесуваше на активности кои што требаше да се реализираат за еден краток период со средствата од Телекомот во износ од над 4,5 милијарди денари. Тогаш го објаснив тој поднесен амандман дека на Република Македонија во оваа година, а тоа 6еше во оваа година некаде во јули - јуни, е комоција да се трошат пари на парчиња водоводи, улични светилки и незнам што во еден таков износ. Тогаш ни 6еше објаснето дека тоа трошење ќе влијае позитивно или развојно на одделни гранки во економијата во Република Македонија. Оттаму, јас не видов, еве на истек е оваа година, која гранка со трошење на толкав износ на средства се развила така како што тогаш се очекуваше да се развие со тоа трошење на средства. Оттаму и приговорот и ќе приговорам околу овој буџет се разбира, во истиот приод и истата политика која што се планира и за 2001 година во однос на трошењето на средствата на такви активности, затоа што и тогаш ценев, а ценам и сега, дека еден домаќинлак во тој однос треба да се појави и да се манифестира во вид на чување на резерви во Република Македонија, кои во даден момент може многу попаметно да се насочат и заради тоа да се постигне подобар резултат во однос на оној кој се очекува со еден ваков приод да се постигне. Бидејќи ова е начелна расправа, јас во оваа прилика и се определив вака начелно да дискутирам, со тоа што најверојатно во понатамошниот тек на расправата, преку соодветни други интервенции, ќе се обидам , на пример конкретно да интервенирам. Во моментов, еве ми паѓа на памет само еден момент од костурот на буџетот, дека како извор не е планиран приход од дивиденда од Телекомот, Македонски телеком, туку е планирана една сума која што е во делот на самофинансирање, некаде 52 милијарди денари. Попрецизно и поконкретно ќе имам прилика понатаму да дискутирам, а ова беше само оној дел за кој што јас се определив да интервенирам во начелната расправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, господа министри, Буџетот е еден закон кој треба да се донесува со големо внимание, и така треба затоа што со буџетот се решаваат скоро сите тековни проблеми во живеењето на една држава. Оваа година имавме две големи штетни работи што ни се случија во државата, имавме војна и имавме суша. За сушата оваа година ќе ни помогне господ, еве, ни даде снег и веруваме во господ дека ни праќа помош и тоа ќе се реши. Меѓутоа, во врска со војната иако кажуваме дека е завршена работата, наредната година дали министерот ќе може да планира дали ќе има војна или не незнам, но мојата забелешка е во следното.

Имено, иако буџетот е рестриктивен, мислам дека требаше да се предвидат повеќе зафаќања во делот на одбраната односно во Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи. Јас би предложил сега да не анализираме и да не се враќаме многу години наназад каков бил буџетот 1998 или 1992 година, можеме да кажуваме многу негативни работи и би се вратиле пак назад како секогаш. Јас би му предложил на министерот односно би дал лично мој предлог. Слушам дека има размислувања на Владата и таа има предлог за делот на возилата кои во Македонија се возат односно дивите возила, или бугарските возила како што ги нарекуваат. Се работи за возила донесени од Бугарија, Босна и Херцеговина, Албанија и други држави, постари возила од десет години. Иако бројката е 20 или 30 илјади

возила, Владата односно надлежното Министерство за финансии да направи потег да им дозволи како во многу други држави во транзиција на Балканот, да ги легализираме овие диви возила, со тоа што би се одело на решение една марка по кубик, да им честитаме Нова година на сите тие кои инвестирале по пет, шест или десет илјади марки, да собереме во буџетот 60 милиони марки, мислам дека тоа би бил еден добар прилив на буџетот. Тоа да биде една дотација. Тоа би бил мојот апел, министерот да направи еден исчекор, да ги легализира овие возила, знаејќи дека тоа се возила над илјада и осумсто кубика, во просек би се собрале по 2000 германски марки од едно возило и тука да донесеме закон веќе да не може да се увезуваат такви возила, она што е внесено е внесено оваа година, следната година да не можат да внесуваат возила или да не им правиме збрка на тие граѓани кои постојано размислуваат дали тоа ќе биде или нема да биде, даден е рок до Нова година, да ги носат сега по ова време на бугарска граница или во Босна и Херцеговина или Албанија, да се пролонгира рокот на шест месеци, за да може да се подготват граѓаните.

Апелирам до министерот за финансии кој е тука да земе обврска овие возила постари од 10 години да ги легализирате, бидејќи 60 милиони марки не се малку пари. Тоа би била една донаторска конференција од македонските граѓани за буџетот и да го пополниме буџетот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседателе, дами и господа, господине министер, со оглед на тоа што Собранието оваа година многу малку заседаваше, сепак добиваме буџет пред да истече календарската година за наредната година и тоа е за пофалба. Тука нема сомнежи дека еден ритам кој е виден во секое развиено општество, таков ритам во донесување на буџетот прилега и на Република Македонија.

Јас не успеав затоа што овие неколку дена имав други ангажмани во детали да се позанимавам со тоа што е набележано. Разбирам дека економијата во Македонија е таа, можностите се толкави и дополнителни извори тешко ќе се најдат. Но сметам дека е упатно токму во ваков период да се има слух и да не се остане без реакција на редица оправдани барања. Монетарната политика може да биде стриктна, може да биде и рестриктивна, односно редица активности да не ги поддржува заради подмирување на параметрите на макроекономски план, но монетарната политика не може да биде игнорантска кон реалностите. Ние бележиме години наназад сериозни падови и на некој нажин голем дел од населението, посебно тие кои се на јаслите на буџетот, односно се со заработувачка од државните каси, се во голема неизвесност дали ќе можат и својот стандард да го сочуваат. Очигледно тоа не се случува и тие тоа го знаат и тоа го трпат. Да почнеме од тука, вработените кои се најблиску до нас во Собранието, но можеме да завршиме и со испоставите на Министерствата во подрачните едници, а најверојатно не ќе биде на одмет да се размисли што е со стандардот и во локалните структури и локалната самоуправа. На вaквите трендови не може да се даде еднозначен или едноставен одговор, но е важно тоа да не се сокрива и да се обидеме некакви можности преку дијалог да исчепкаме.

Ние знаеме дека и вработените во образованието се со многу ниски приходи, знаеме дека и судството, правосудните органи и тие се и понатаму на некој начин неправедно под капата на овој буџет кој ние го донесуваме.

Но исто така, сметам дека во овој период на криза каде што енормно се покачија издатоците за потребите на безбедност и на одбрана сосема упатно е да се покаже разбирање и тој аспект на засилување безбедност да се издигне и во другите структури, а не само во надлежните две министерства. Безбедноста на државата е засегната и преку градежните активности, безбедноста е засегната и преку транспортот кој се случува. Таа може да биде засегната и преку процесите кои се во медиите, и тоа не е за потценување. Исто така, безбедноста може да се штити со засилена култура. Ние не можеме десетина години по ред да даваме одговори во смисла толкави се можностите. Ако се толкави можностите што бараат политичарите. Никој во политиката не оди пред народот да каже колкава е бедата и дека мисли да остане таа таква. Секој е должен на народот да му отвори перспективи. Вака со вакви рестрикции, со вакво подведување на нашата политика според критериуми, јас дури сметам на злоупотребен начин пренесени тука и во дебатата во Собранието, но секако во нашето општество, сите работи кои биле наметнати од страна на меѓународни асоцијации, куќи, агенции или фондови дека на тој начин не се Владата на Република Македонија реши никаква услуга на етничката држава. Ќе биде упатно тој што ја застапува политиката во Македонија за нејзе да одговара, да не бара изговори на страна. Надвор од територијата на Република Македонија не постојат фактори кои се мешаат ни во финансиите. Тука сме ние повикани, ако не умееме тогаш тоа да го кажеме, или ако не не интересира и тоа да го кажеме дека секојдневието дека а лот или судбината на обичните граѓани во голема мерка се определува токму од политиката што тука се зацртува.

Јас имам директна мотивација да зборувам за неколку аспекти од буџетирањето, но не би сакал да биде сватено дека се вадат поени. Такво нешто ниту ми е желба, ниту мислам сега да отворам прашање околу образованието или околу здравството, каде што во било кој домен дека средства се трошат на неадекватен начин. Но не само во тие два домени, јас мислам дека и самото Министерство за финансии треба да излезе со еден материјал каде што ќе каже што е заштедено во самото Министерство за финансии на голем план, каде што ќе бидат изнесени показатели како предничи со добар пример токму Министерството за финансии. Тоа нема да биде на одмет.

Мојата забалешка до Министерството за финансии а таа што досега на добив никаков гол податок за потрошени народни или буџетски средства со намена водење кампања по медиумите, дали во печатените или електронските медиуми. Исто така не добив, но тоа веќе не би бил податок, но би бил помалку обработен, колкави се приходите на тие медиуми каде што Министерството за финансии плаќа за објавувања, колкав е процентот односно со колкав удел учествува Министарството за финансии во буџетирањето или во создавањато на приходи кај тие трговски друштва. Тоа би било коректно, затоа што тиа пораки кои јас ги гладам и читам во весниците или на телевизиите, тиа пораки според мене не се наизбежни. Тие *се* токму избежни и како трошоци, но убаво *е* да се слушне колкави се. Исто така, еве има ваќе цела година, јас го иницирав тоа прашања, што бидува со ставките или со таксите кои нашите граѓани ги плаќаат за регистрирања на возило надвор од Република Македонија, затоа што политиката во Македонија е регидна и не допушта увоз на стари возила. Тоа што сега веќе е рагулирано законски од Нова година да може со 10 годишно возило тука да се настапи, јас мислам дека не е во дослух или не е во иста фаза како потрабите или можностита на населението. Нашиот народ ако купува нови модели автомобили, купува секогаш по можност помали, односно многу малку се тие граѓани кои купуваат скапи, луксузни, да не кажам безбедни возила и никој *не* ни дава податок, а чудно е што и ние не се интересираме какви се телесните штети од возењето небезбедни и мали автомобили. Од друга страна, гледама дака десетици милиони германски марки, кои веќе нема да постојат, од Нова година натаму е еврото, но сериозни суви пари се одлаваат во соседните држави за регистрирања на моторно возило, на некој начин да може да се држи чекор со цивилизацијата. Денес да немате телефонски приклучок, да немате обезбедено вода, струја, денес да немате и адекватно превозно средство, вие денес веќе не сте дел од оваа култура и оваа цивилизација, или многу тешко сте, или многу тешко ќе биде тоа да го објасните на децета. Оттука оваа ригидност не можам да ја сватам и таа упорност се инсистираше да не се увезуваат стари моторни возила, а од друга страна се толерира злоупотреба или изигрување, се толерира двоен или повеќекратен морал. Сега кога на тоа на некој начин му се застанува на патот, можеби ригорозно и болно, реакциите се повторно во насока дајте да не стегаме, дајте и натаму да се користат такви возила. Но за потсетување е тоа дека преку цела година се обидов без успех и од министерот не добив никаков одговор, дури тој не ни сакаше да навлегува во тоа, за финансиските издатоци или проценките на нашето министерство колкави пари наши граѓани даваат во странство за набавка и регистрација на моторни возила. До денес тоа не го слушнавме, тоа што е во циркулација и во оптек тоа се шпекулации. Прецизни податоци повторно немаме, а од друга страна ќе се каже немаме начин да градиме нови болници, да ги одржуваме постојните, немаме начин да обезбедиме соодветен материјал и редица слични нешта. Тоа не е во ред и јас мислам дека Министерството за финансии треба да создаде јасност, треба да овозможи транспарентност какви се расходи се случуваат и во тоа министерство, а и на тој план каде што би можело нешто да биде изменето.

Овие неколку денови бев поканет и бев со амбасадорите на Република Македонија, кои држеа годишно советување. Редица нешта излегоа на површина, но најважно е тоа што за водењето дипломатија на овој начин буџетирањето ќе биде деликатно. Односно ако амбицијата гласи да нема Македонија активна дипломатија или дипломатска мрежа, тогаш така да се каже. Но да се остават дипломатско конзуларните претставништва без подмирени трошоци за телефон или за кирии или за други издатоци мислам дека тоа не е коректно токму за угледот на Република Македонија, да не се има слух за сосема оправдани потреби во Министерството за надворешни работи. На пример, набележани се три милиони денари за одржување меѓународни конференции, а догодина барем три такви конференции има во Република Македонија, тоа одново е сериозен удар по македонската дипломатија и по угледот, а на тој начин многу малку ќе може да се придонесе за зголемување на угледот на Македонија односно нацелените конференции за добивање донации ќе бидат без ефект или ефектите од тие конференции ќе бидат намалени. Оттука, сметам дека ваков не треба да биде буџетот барем во делот на Министерството за надворешни работи поддржан и дека би било упатно да има усогласување. За останатите ресори може исто така да слушнеме, но јас ќе се осврнам само на еден податок кој не успеав до крај да го проверам од нашите активни лица

во Министерството за внатрешни работи и од Армијата на Република Македонија. Се слуша дека и нивните дневници не се исплатувани и ако не друго, ова Собрание може на тие луѓе да им изрази висока почит. Но јас сметам дека има начини да поведеме сметка и за таквите ставки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега веќе е 20,00 часот и мислам дека треба да продолжиме утре во 12,00 часот.

(Седницата прекина во 20,00 часот).